ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 06.08.2010, Скопје

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

Во врска со отвореното писмо до медиумите на екс портпаролот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија Дејан Гацов, во кое тој ги посочува Владата на Република Македонија и Мартин Протуѓер, шефот на кабинетот на Премиерот , како креатори на политиката на објавување огласи во весниците делејќи ги на „ пријателски“ и „ непријателски“,а притоа апострофирајќи го „Дневник“ како „непријателски“, Фондот за здравствено осигурување на Македонија би сакал да ја информира јавноста за следново:

Најодговорно тврдиме дека во ФЗОМ , ниту од Владата , ниту од господинот Протуѓер, не се пристигнати инструкции во кои весници да се објавуваат огласите. Уште помалку, никогаш не било сугерирано да не се објавуваат огласи во весникот Дневник како „непријателски“. Доказ за ова наше категорично тврдење е дека последниот оглас на ФЗОМ во дневниот весник „ Дневник“ излезе на една цела страница во двобројот објавен на 24/25.07.2010 година. Исто така, од вкупно 11 огласи објавени за една година од страна на ФЗОМ , четири се објавени во весникот Дневник, а три во весникот Вест , при што еден (излезен на 27.02. 2009) го има во двата весника кои се дел од една иста корпорација - Медиа Принт Македонија.

Би сакале да ве информираме дека одлуката каде ќе се објави некој оглас од ФЗОМ се донесува исклучиво во оваа институција. Притоа се води сметка да бидат застапени сите печатени медиуми од една единствена причина што Фондот не ги дели медиумите на подобни и неподобни, туку еднакво ги цени сите, како креатори на јавното мислење, и со сите нив се труди да има максимално добра соработка.

Фонд за здравствено осигурување на Македонија